РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ / MINISTRIA E FINANCATE
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ / BYROJA E PROKURIMIT PUBLIK
Бр.Nr. 01-603/2
12.03.2025 год.
СКОПЈЕ / SHKUP

Врз основа на член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24), согласно член 22 од Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите во јавниот сектор ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 242/24), директорот на Бирото за јавни набавки донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Бирото за јавни набавки

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Бирото за јавни набавки бр. 01-256/1 од 17.02.2022 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Бирото за јавни набавки бр. 01-256/2 од 22.12.2022 година, и тоа

### Член 2

Во глава II. Организациони единици во Бирото за јавни набавки и нивниот делокруг на работа, во член 3, точка 3, се менува и гласи:

3. Сектор за контрола

- Одделение за управна контрола

- Одделение за претходно мислење и управна контрола според проценка на ризик и случаен избор- се менува и гласи:

3. Сектор за административна проверка и претходно мислење

- Одделение за административна проверка

- Одделение за претходно мислење .

### Член 3

Во глава II. Организациони единици во Бирото за јавни набавки и нивниот делокруг на работа, во член 3, точка 3, Сектор за контрола, се менува и гласи:



[1] 01-603/2 [2025]

3. Сектор за административна проверка и претходно мислење

Секторот за административна проверка и претходно мислење во Бирото за јавни набавки ги врши работите што се однесуваат на:

- учество во изготвување на законската и подзаконската регулатива за јавните набавки во делот на административната проверка и по однос на давање на претходно мислење во постапката со преговарање без претходно објавување на оглас;
- иницира предлози за изменување и дополнување на законската и подзаконската регулатива за јавните набавки во делот на административната проверка и по однос на давање на претходно мислење во постапката со преговарање без претходно објавување на оглас;
- го следи и анализира спроведувањето на законската и подзаконската регулатива за јавните набавки со цел унапредување на системот за јавни набавки;
- учествува во координативните состаноци со другите сектори во Бирото, како и на состаноци со другите институции кога се договараат работи поврзани со работните задачи и обврски на овој сектор;
- учествува при вршење компаративна анализа на системите за јавни набавки во земјите од ЕУ и земјите од регионот со системот за јавни набавки во Република Северна Македонија и изготвување на предлози за унапредување на истиот;
- доставува информации во врска со работните задачи од поглавјето за јавните набавки од НПАА, во делот на административна проверка, како и по однос на давање на претходно мислење во постапката со преговарање без претходно објавување на оглас;
- врши административна проверка над примената на овој закон во случаите определени со законот;
- составува листа за проверка и врз основа на констатираните неправилности односно пропусти изготвува записник од извршената административна проверка;
- записникот од извршена административна проверка го прави достапен на договорниот орган преку ЕСЈН;
- во записникот дава препораки што треба да преземе договорниот орган за да ги отстрани неправилностите констатирани во огласот и тендерската документација;
- изготвува прирачници, водичи, коментари и упатства во делот на административна проверка и по однос на давање на претходно мислење во постапката со преговарање без претходно објавување на оглас;

- учествува во подготвување на годишен извештај за работата на Бирото во делот на административна проверка и по однос на давање на претходно мислење во постапката со преговарање без претходно објавување на оглас;
- го следи функционирањето на системот за јавните набавки;
- прибира, обработува и анализира податоци за спроведената административна проверка и по однос на издадени претходни мислења во постапката со преговарање без претходно објавување на оглас;
- проверува дали договорниот орган постапил по дадените забелешки.

За извршување на работите и задачите од делокругот на Секторот за административна проверка и претходно мислење се формираат две одделенија:

а) Одделение за административна проверка

Одделението за административна проверка ги врши следните работи:

- иницира предлози за изменување и дополнување на законската и подзаконската регулатива за јавните набавки во делот на административната проверка;
- учествува во изготвувањето на законската и подзаконската регулатива за јавните набавки во делот на вршење на административната проверка;
- врши административна проверка над примената на овој закон во случаите определени со законот;
- изготвува акти (известување за почеток на проверка, контролна листа, записник од извршена административна проверка, известување од извршена административна проверка) кои произлегуваат од работата на одделението;
- дава препораки за постапување на договорни органи во записниците;
- ги следи слабостите на системот за јавните набавки кои може да ги утврди при вршење на административна проверка;
- дава предлози за унапредување на системот на јавни набавки;
- учествува при изготвување на акти поврзани со работните задачи (пр.извештаи, препораки, дописи и др.).

б) Одделение за претходно мислење

Одделението за претходно мислење ги врши следните работи::

- учествува во изготвување на законската и подзаконската регулатива за јавните набавки по однос на давање на претходно мислење;
- иницира предлози за изменување и дополнување на законската и подзаконската регулатива за јавните набавки по однос на давање на

претходно мислење во постапката со преговарање без претходно објавување на оглас;

- подготвува претходно мислење за исполнетоста на условите за спроведување постапка со преговарање без претходно објавување на оглас врз основа на член 55 став 1 точка в од Законот за јавните набавки;
- подготвува претходно мислење за исполнетоста на условите за спроведување на постапката со преговарање без претходно објавување на оглас врз основа на член 55 став 1 точка г од Законот за јавните набавки;
- ги прибира, обработува и анализира податоците по однос на издадени претходни мислења во постапката со преговарање без претходно објавување на оглас;
- врши проверка дали договорниот орган ја спровел постапката со преговарање без објавување на оглас според даденото претходно мислење;
- учествува при изготвување на акти поврзани со работните задачи (на пр. извештаи, препораки, дописи и сл.)

## Член 4

Со влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Бирото за јавни набавки бр. 01-256/2 од 22.12.2022 година.

## Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација односно од 01.04.2025 година.

Бр. 01-_______ / __

_______ 2025 година

Директор

д-р Маре Богева Мицовска


Директор
Државен советник за усогласување на регулативата со ЕУ и меѓународна соработка
Државен советник за развој на националниот систем за јавни набавки
Сектор за нормативна дејност, едукација и меѓународни односи
Сектор за следење на системот за јавни набавки, управување со ЕСЈН и развој на електронски алатки
Сектор за административна проверка и претходно мислење
Сектор за правни и административни работи
Самостојни одделенија
Одделение за нормативна дејност
Одделение за едукација
Одделение за европски прашања и меѓународни односи
Одделение за анализа на системот за јавни набавки
Одделение за унапредување и развој на ЕСЈН, електронски каталози и електронски пазар на набавки од мала вредност
Одделение за управување со ЕСЈН и грижа на корисници
Одделение за административна проверка
Одделение за претходно мислење
Одделение правни работи и прекршочни постапки
Одделение за административни работи
Одделение за финансиски прашања
Одделение за управување со човечки ресурси